## 3.2. Девизни движења

***Во мај 2003 година прометот на девизниот пазар забележа месечен пораст од 22,0%...***

Во мај 2003 година на девизниот пазар беше остварен највисок промет од почетокот на годината. Вкупната вредност на реализираните купопродажни трансакции изнесуваше 267,9 милиони САД долари, што претставува месечен пораст од 22,0%. Од аспект на структурата на прометот, доминираат трансакциите остварени меѓу банките и претпријатијата (86,1% од вкупниот промет на девизниот пазар, односно намалување за 3,8 процентни поени на месечна основа). Покрај деловните банки кои во улога на нето-продавачи на девизниот пазар во најголем обем одговорија на зголемената побарувачката на девизни средства и нето-продажните трансакции на НБРМ како пазарен субјект делуваа во насока на урамнотежување на понудата и побарувачката на овој пазар. На крајот на мај 2003 година на девизниот пазар се разменуваа 61,38 денари за едно евро, што претставува блага месечна депресијација на денарот во однос на еврото од 0,3%. Во мај 2003 година на девизниот пазар продолжија апресијативните движења на денарот во однос на американскиот долар. Така, на 31.05.2003 година на девизниот пазар се разменуваа 51,92 денари за еден американски долар, што претставува месечна апресијација на денарот од 7,0%. Споредено со мај минатата година, вредноста на американскиот долар во однос на денарот е намалена за 20,1%, што претставува одраз на светските берзански движења помеѓу американскиот долар и еврото. И покрај јакнењето на финансиските пазари и растот на продуктивноста како значајни индикатори за американската економија, сепак порастот на невработеноста и воопшто падот на меѓународната побарувачка доведоа до пад на вредноста на американскиот долар на финансиските пазари и песимистички прогнози за движењето на американскиот долар до крајот на годината.

***...при блага депресијација на денарот во однос на еврото...***

***...и апресијација на денарот во однос на американскиот долар***

Графикон 22
Движење на вкупниот промет на девизниот и менувачкиот пазар
(во милиони САД долари)




Во мај 2003 година, прометот на менувачкиот пазар (каде учествуваат физички лица) забележа зголемување од 17,0%, достигнувајќи вредност од 109,6 милиони САД долари. Притоа, побарувачката за девизни средства е повисока за 23,6%, додека понудата бележи месечен пораст од 12,4%. Во мај 2003 година од страна на менувачниците беше реализиран нето-откуп на девизи во износ од 14,3 милиони САД долари. На 31.05.2003 година на менувачкиот пазар се разменуваа 61,38 денари за едно евро, што претставува минимална депресијација на денарот во однос на еврото

***Прометот со девизни средства на менувачкиот пазар забележа пораст***

од 0,1%. Во однос на американскиот долар[8], согласно движењата на девизниот пазар, и на менувачкиот пазар денарот забележа апресијација на месечно ниво (7,0%) во однос на американскиот долар. Така, на крајот на мај 2003 година се разменуваа 51,21 денари за еден американски долар.

Графикон 23
Дневен среден девизен курс на денарот во однос на американскиот долар и еврото од индикативната курсна листа на НБРМ
(денари за единица странска валута)




*Пораст на бруто девизните резерви на НБРМ...*

Вкупниот девизен потенцијал на Република Македонија во мај 2003 година забележа пораст од 104,0 милиони САД долари на месечно ниво достигнувајќи вредност од 1.462,1 милион САД долари. Во оваа насока делуваа порастот на вкупните девизни средства на НБРМ и на деловните банки. Бруто девизните резерви на НБРМ на 31.05.2003 година изнесуваа 771,6 милиони САД долари, што претставува месечен пораст од 70,5 милиони САД долари. Главна детерминанта на порастот се реализираните приливи врз основа на интервалутарни односи, како и приливите од странство.

Графикон 24
Девизен потенцијал на Република Македонија
(во милиони САД долари)




*...при зголемување на девизните средства кај депозитните банки*

Девизните средства кај депозитните банки во мај 2003 година на месечна основа се зголемија за 33,5 милиони САД долари, при пораст на девизните депозити на економските субјекти кај банките за 52,4 милиони САД долари, условен од

[8] Курсот на американскиот долар е преземен од курсната листа за менувачко работење на НБРМ

порастот на девизните депозити на претпријатијата и на населението за 11,1 милиони САД долари и 31,7 милиони САД долари, соодветно.